# Дневна хемеротека за *09.06.2016г.*

## Дневник - *Сите реки ѓубре не влечат*

ВЕНТИЛАТОР

### СИТЕ РЕКИ ЃУБРЕ НЕ ВЛЕЧАТ



Домаќинката се познава по тоа колку ~ се чисти три работи - прозорците, шпоретот и бањата, велеше една бабичка од моето детство образлагајќи дека на тие делови најдобро се гледа колку домашните си ја одржуваат личната животна средина. За Македонија таа сигурно ќе речеше дека е исклучително лоша домаќинка што ништо не чисти зад себе!

Не им се чисти на домаќините на куќата Република Македонија, ни на главата (власта) ни на членовите на семејството (народот) - не им се заморува ни со прозорци ни со аерозагадување, ни со бањи ни со отворени канализации што се претставуваат за градски реки. Дури не им се ни размислува за тоа колку не им се чисти нечистото.

Помина 5 јуни, Светскиот ден на животната средина, и од Министерството за животна средина онака лежерно информираа дека во соработка со Агенцијата за млади и спорт и општините спровеле акција за чистење отпад и подзачистиле некое ѓубренце на влезот на езерото Треска. Исто како што на 22 април, Светскиот ден на планетата Земја, лежерно информираа дека засадиле неколку дрвца. Како сите еколошки проблеми да ги решиле, па стасале да се забавуваат со комунала и хортикултура. Си има градоначалници за тие работи, Министерството постои за нешто друго.

Кој се фали со зачистено ѓубре кога од 54 градски депонии во Македонија, дури 16 се оценети како високоризични, од кои четири мора итно да се санираат и да се затворат како што предупредуваше Националната стратегија за управување со отпад (2009-2015)? Рокот и истече на стратегијата, имаше и документ од 2011 година наречен План за затворање на нестандардните депонии, а сите од нив, до најопасната, с` уште се на своето место додека трошоците за нивната ремедијација секојдневно растат. Зошто Министерството, наместо да се пофали со затворени високоризични депониишта на светскиот ден на животната средина, чисти ѓубре од излетнички места заедно со извидниците и личи на возрасен што го набркале од друштво, па бара да си игра со децата. Вчера ли се родивме?

Наполниле неколку кеси со ѓубре од езерото Треска, иако многу добро знаат што всушност треба да исчистат - големиот срам наречен градска депонија во Кичево која лежи директно на реката Темница, која се влева во Треска. Е, па, ѓубрето што го чистеа во неделата многу веројатно е кичевско, ама водата го довлекла во Скопје откако надојдената река го подигнала со себе. Ѓубрето на кичевци така со години си плови низ реките во цела Македонија, па и до морето.

Што не отидат претставниците од Министерството пред жителите на местата со високоризични депонии и таму да чистат ливчиња од ливадите: Гевгелија, Гостивар, Долна Бањица, Мешеишта, Крушево, Карбинци, Крива Паланка, Радовиш, Белчишта, Свети Николе, Валандово, Охрид или во Муртино? На овие опасни депонии одамна требаше да има засадени тревници и паркови, па на 5 јуни веќе со гордост да отвореа некоја регионална депонија за преработка на отпадот во суровини. Колкава е нивната несвесност зборува и самото соопштение на веб-страницата за „успешното“ чистење на Треска: „Ваквите акции имаат големо значење бидејќи со нив се развива свеста кај граѓаните за правилно управување со отпадот и се развиваат механизми за поддршка... Но, за трајно расчистување на дивите депонии не се доволни само активностите на централната и на локалната власт, туку е потребна и високоразвиена свест дека секој од нас треба одговорно да се однесува и со животната околина и со отпадот што самиот го произведува“.

Не е јасно за какви активности на централната власт зборуваат во соопштението и за каква високоразвиена свест кај граѓаните кога и самите ја немаат. Централната власт е должна да обезбеди чиста и здрава животна средина за своите граѓани, загарантирана со Уставот на Република Македонија. Тоа значи чисти воздух, реки и езера, незагадена почва, исчистени жешки еколошки точки, изградени пречистителни станици за отпадни води, станици за мерење на квалитетот за воздух во сите градови, строга контрола дали некој подметнува ГМО-семе и ГМО-храна, притискање на индустријата да ги исполни сите екостандарди, отворени регионални депонии за преработка на отпад итн. Тоа се услови само за исполнување на правото за чиста животна средина, а каде е унапредената животна средина? Каде е одржливоста и дали Македонија се смета како таква? А ако е неодржлива, што значи тоа во превод?

Македонија не сака да биде добра домаќинка со чисти прозорци, шпорет и бања, а секој што ќе помине го гледа недомаќинлакот во кафеавите реки, сивиот воздух и шарената од депонии почва. Не сакаат ниту власта ниту народот, инаку досега барем нешто ќе беше поинакво од пред 20 години. Владата со години сака да ги убеди граѓаните дека екологијата ~ е врвен приоритет и дека многу сила вложувала за да ги реши еколошките проблеми. Но, едно зборува, а друго прави. Пишува добри закони, спроведува лоша пракса. Наметнува строги еколошки норми за индустријата, па со години ја одложува нивната примена. Пресметува дека 100 милиони евра се потребни за пречистителна станица на Вардар, па гради панорамско тркало од 20 милиони евра - исто на Вардар. Пресметува дека до 4 милијарди евра се потребни за исполнување на сите екостандарди, па му дава годишен буџет на ресорното министерство од едвај 10 милиони евра. Сака граѓани со развиен патриотизам, а игнорира дека чистењето на околината е врвен патриотски чин за една земја. Сака развој, а си ги уништува ресурсите, сака чисти реки, ама странците да платат, сака здрави поколенија, а за Министерството за екологија двои едвај 10 милиони евра годишен буџет, од кои половината се само за плати.

А граѓаните сакаат да поверуваат дека само со зборување и со сакање се успева, а без пари и труд. Нема да имаме чиста и здрава околина с` додека за таа цел се вложува само ситнишот. Треба сериозни пари за сериозни акции и сериозни луѓе.

Соња ХРИСТОВСКА УГРИНОВСКА

## Тера - [Талески: Нема надминување на дозволените концентрации]

# Талески: Нема надминување на дозволените концентрации

Вести Актуел Јун 8, 2016 0 1168



„ Во изминатиот зимски период преку институциите во општина Битола, главно најголемите загадувачи во општината беа опоменати, со што беа превземени мерки за чистење на нивните оџаци и тоа доведе до намалување на аерозагадувањето во нашиот град. На дневна основа се следи и аерозагадувањето, а со тоа може да се каже и дека во последните два месеци, во Битола има нормална ситуација и нема отстапување од она што е дозволено во рамките на законот. Со реализацијата на прекотот за топлификација овој проблем ќе биде надминат" вели градоначалникот на Битола.



## Tetova Sot - *Tetovë, sërish premtime për ujësjellësin, ja çka thonë qytetarët (VIDEO)*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Tetovë, sërish premtime për ujësjellësin, ja çka thonë qytetarët (VIDEO)



in Maqedoni 08/06/2016

Së shpejti pritet të përfundoj projekti i ujësjellësit të Tetovës, me çka banorët e Tetovës njëherë e përgjithmonë do të furnizohen me ujë të pijshëm. Premtimet vijnë nga Ministria për Transport dhe Lidhje dhe nga Komuna e Tetovës. Projekti do të financohet përmes kredisë nga Bankës Evropiane për Rindërtim dhe Zhvillim në vlerë prej 2 milion euro, ndërsa me 800 000 euro do investojë komuna e Tetovës.

"Shpresojmë që kompania do jap maksimumin që sa më shpejtë të kryhet si aktivitet, ndërkaq ne si komunë kemi kryer të gjitha obligimet tona pronësoro juridike. Mendoj se me përfundimin e edhe këtij stacioni, definitivisht çështja e ujit të Tetovës do të jetë e kaluar", deklaroi kryetarja e komunës së Tetovës Teuta Arifi.

"Shpresojmë që në afat sa më të shkurtër të përfundojnë punimet dhe i gjithë rrjeti i ujit të pijes të vihet në funksionim dhe ti jepet fund një sage të zgjatur në komunën e Tetovës. Ky projekt vjen nga banka Evropiane për Investime që ka marrëveshje me qeverinë e Maqedonisë për investim në disa projekte të ngjashme", tha Faton Pollozhani, Zv. ministër i transport lidhjeve.

Por, edhe përkundër premtimeve të shumta, qytetarët shprehen skeptik se diçka do përfundojë sipas premtimeve.

"Ndoshta do ketë, nuk dimë edhe ne çka të themi më".

"Nuk mendoj se do ketë zgjidhje se neve kërkojmë ujë që para njëzet vjetësh".

"Disa herë i janë dhënë para komunës nga shteti dhe parat nuk dihet ku janë, nuk diskutohet nëse ka apo jo ujë, Sharri i tëri në ujë është".

Ndryshe dyqind litra ujë shtesë në sekondë do të sigurohen me sistemin e ri të ujësjellësit në Tetovë që sipas premtimeve të pushtetit qendror dhe atij lokal duhet të përfundoj gjatë këtij viti./Alsat-m



## Tetova Sot - *Teuta Arifi inaguron punimet e filter stacionit të ujit për pije*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Teuta Arifi inaguron punimet e filter stacionit të ujit për pije



in Maqedoni 08/06/2016

Kryetarja e Komunës së Tetovës znj.Teuta Arifi sot ka inaguruar punimet në filter stacionin e ujit të pijshëm që gjindet mbi fshatin lisec. Ajo në një postim të rrjetin social Facebook madjeka theskuar:

Bashkë më zv.Kryeministrin e RM-së z.Festim Halililin, Ministrin e Ambientit Jetësorë dhe Planifikimit Hapësinorë z.Bashkim Ameti, si dhe zv/ministrin e Transportit dhe Lidhjeve Faton Pollozhani, ishim në gurrëthemelin e filter stacionit të ujit të pijshëm. Pas përfundimit të rrjetit të ujësjellësit të qytetit në gjatësi prej 8.2 kilometra, filluam edhe me ndërtimin e stacionit të filtrimit investim kapital ky që peshon mbi 2 milionë euro. Me përfundimin e këtij investimi saga 20 vjeçare e ujit të pijshëm do të mer fund, njëherit edhe premtimi ynë para qytetarëve tetovarë po realizohet në tërësi.



## Вечер - *Загадениот воздух и климатските промени се најголема закана*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА СПОР

ОН:

# Загадениот воздух и климатските промени се најголема закана

**Обединетите нации предупредуваат дека загадувањето на воздухот и климатските промени се двете најголеми закани по човековото здравје од Европа до централна Азија**



Обединетите нации предупредуваат дека загадувањето на воздухот и климатските промени се двете најголеми закани по човековото здравје од Европа до централна Азија.

Извештајот за паневропскиот регион е објавен вчера на конференцијата за климатски промени во Бутуми во Грузија, јави Танјуг.

Тој опфаќа препораки за надлежните како што се поттикнување на создавање на обновлива енергија, намалена употреба на ѓубривото и хемиско загадување на морињата, како и подобрување на законите за заштита на земјата.

ОН исто така предупредуваат, дека е продолжена загубата на биолошкиот диверзитет и уништувањето на еко-системите во регионот, додека приватната употреба на автомобили и камиони сега предизвикува поголемо загадување отколку индустријата во некои држави во ЕУ.